УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ - БИТОЛА

ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО - ОХРИД

# УПАТСТВО
# ЗА ПРИЈАВА И ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД
# НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

Охрид, 2011

**СОДРЖИНА**

**I УСЛОВИ И НАЧИН ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**I I СОДРЖИНА НА ПРИЈАВАТА ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**III УПАТСТВО ЗА ИЗРАБОТКА НА ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАУЧНА И СТРУЧНА ОПРАВДАНОСТ**

1. **Назив на трудот**
2. **Апстракт**
3. **Клучни зборови**
4. **Вовед**
5. **Теоретска содржина**
6. **Формулирање на проблемот и цели на истражувањето**
7. **Прашања за истражувањето и хипотези**
8. **Истражувачки методи и техники**
9. **Етика на истражувањето**
10. **Очекувани резултати**

**IV ПОСТАПКА ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕНТОР**

**V ПОДГОТОВКА НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД**

**V I ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНКА И ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД**

**VII ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД**

**VIII ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ ЗА ПЛАГИЈАТОРСТВО**

**Анекс 1 – Образец за пријавување магистерски труд**

**Анекс 2 - Извештај од Комисијата за подобност на темата и тезите за изработка на магистерски труд**

**Анекс 3 – Барање за определување ментор за изработка на магистерски труд**

**Анекс 4 – Насловна страница на магистерскиот труд**

**Анекс 5 – Барање за определување Комисија за оценка на магистерски труд**

**Анекс 6 – Изјава од кандидатот за автентичноста на магистерскиот труд**

**Анекс 7 - Извештај од Комисијата за оценка на магистерскиот труд**

Врз основа на член 8 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола, а во врска со членовите од 56-67 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола, а имајќи ја предвид Предлог- одлуката бр. ....... донесена од 22.06.2011 година Наставничкиот совет на втор циклус студии на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид на 22.06.2011 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид на седницата одржана на ........ година го донесе следново:

# У П А Т С Т В О
# за изработка на магистерски труд на втор циклус студии

## I УСЛОВИ И НАЧИН ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Пријава за изработка на магистерски труд можат да поднесат само студенти кои положиле најмалку две третини од вкупниот број предмети и се стекнале со најмалку 50% од вкупниот број кредити.

Пријавувањето на магистерскиот труд се врши на **посебен образец** (види Анекс 1 од ова Упатство).

Кандидатите се должни пријавата за изработка на магистерски труд, по одобрувањето од страна на референтот за втор циклус студии, да ја достават во **електронска и хартиена форма**, во три примерока, во архивата на Факултетот, и тоа еден за студентското досие на кандидатот, еден примерок останува во архива, а еден за секретарот на вториот циклус студии и еден образец на пријава со заверен архивски број за кандидатот.

Во пријавата секој кандидат е должен да достави **е-адреса** и телефонски број што ја употребува, на која што адреса ќе добива информации од надлежниот референт за фазата во којашто се наоѓа неговата постапка и за секоја релевантна одлука што се однесува на изработката на магистерскиот труд.

## I I СОДРЖИНА НА ПРИЈАВАТА ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Пријавата, којашто се поднесува до Наставничкиот совет на втор циклус студии, треба да содржи:

1. Образец на пријава со наслов на темата (Анекс 1)
2. Биографски податоци во табеларна форма - европско CV кое што можете да го преземете од интернет.

3. Образложение за научната и стручната оправданост на темата. Образложението треба да содржи:
   – Назив на трудот
   – Апстракт
   – Клучни зборови
   – Вовед
   – Теоретска содржина
   – Формулирање на проблемот и цели на истражувањето
   – Прашања за истражувањето и хипотези
   – Истражувачки методи и техники
   – Етика на истражувањето
   – Очекувани резултати

   Упатсвото за изработка на Образложението за научна и стручна оправданост на темата следи во продолжение во глава III.
4. План за работа кој што претставува предлог содржина т.е. тези и
5. Преглед на литература од соодветната област.

## III УПАТСТВО ЗА ИЗРАБОТКА НА ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НАУЧНА И СТРУЧНА ОПРАВДАНОСТ

### 1. Назив на трудот

Називот на магистерскиот труд треба да е краток (препорака: во принцип не повеќе од 20 зборови - максимум) и јасен. Треба да биде во согласност со реалната содржина на трудот. Да се избегне општата (апстрактна) формулација и да се направи обид називот да биде конкретен и да биде специфичен за предметот.

### 2. Апстракт

Истражувачката тема се презентира апстрактно како целина: дефинирање на проблемот, зошто е важен (во однос на современите дискусии во конкретната област), која е општата хипотеза, кои се главните методи и очекуваните резултати. Во принцип апстрактот не треба да надмние 350 збора.

### 3. Клучни зброви

Клучни зборови се зборовите кои ја опишуваат темата/областа на истражување. Во принцип треба да има 5-6 збора или концепти. Прво се наведуваат општите клучни зборови, а потоа посебните.

### 4. Вовед

Во воведот, кандидатот детално ја презентира важноста на истражувачкиот проблем кој ќе биде во фокусот на истражувањето и ги објаснува причините кои го навеле да ги избере

темата и проблемот. Прегледот на користената литература не е во рамките на воведот. Таа треба да се наведе подоцна.

## 5. Теоретска содржина

Во овој дел кандидатот дава преглед на областа и ја наведува релевантноста на предложената тема. Тука е неопходно да се презентираат/споредуваат и евалвираат најважните/најрелевантните теории кои се поврзани со предложената тема. Се препорачува да се вклучи преглед и елаборација на релевантното истражување (книги, статии, извештаи за истражување) што ги имаат направено други автори (национални и меѓународни) кои се фокусираат во откритијата и заклучоците. Прво треба да бидат наведени најновите елаборации (на пример издадени во текот на последните десет години). Кандидатот треба да го разјасни она што веќе се знае во конкретната област (во однос на истражувачката тема/проблем) и она што се уште не било систематски елаборирано, односно прашања кои останале главно неодговорени.

Едно од клучните барања во овој дел е *описот на теоретската содржина.* Во истражувањето ние секогаш поаѓаме од даденото теоретското знаење и разбирање кое е доминантно во научната област. Теоретските парадигми и концепти од највлијателните автори/научници не влијаат само на нашите (идни) истражувања, но ние треба да почнеме од нив затоа што тие го сочинуваат заедничкото наследство во областа.

Така кандидатот треба да одлучи дали „теоретските школи", теоретските парадигми и концепти се тесно поврзани со неговиот проблем и дали можат најдобро да го поддржат неговото истражување. Да бидеме поконкретни: во ова поглавје треба да биде вклучен прегледот на литературата, на пример, збиена презентација на фундаменталните теории/автори и најважните научни монографии во областа, клучните конотации. Треба експлицитно да бидат наведени и теориите кои се важни за планираното истражување.

За оваа задача се препорачува кандидатот интензивно да соработува со стручен професор од соодветната област исто така треба да се истакне дека тука кандидатот може да ја увиди важноста на теоретските предмети во текот на неговите/ нејзините магистерски студии. Важно е да се вложат време и енергија од првиот ден на магистерските студии.

## 6. Формулирање на проблемот и цели на истражувањето

*Научниот проблем* треба да биде наведен на јасен и концизен начин. *Целите на истражувањето* треба да бидат во хармоннја со проблемот. Презентацијата на проблемот и неговата релевантност *значењето* треба да се поврзани со теоретската содржина, но, нсто така, и со хипотезата и предвидените истражувачки методи. Многу честа грешка (или барем слаба точка) во подготвувањето на предлогот на магистерскиот труд е тоа што формулациите на кандидатот во ова поглавје не секогаш се поврзани (или урамнотежени) со формулациите во понатамошните поглавја, на пример со теоретските содржини, развиените хипотези, избраните методолошки процедури итн. Во ова поглавје, исто така, се бара да се обезбеди кратко *објаснување на главните концепти* што се користат во трудот. Сосема на крајот, но не и помалку важно, треба да се развие кратка структура на магистерскиот труд и јасно да се резимираат актуелноста и оправданоста .

## 7. Прашања за истражувањето и хипотези

*Прашањата за истражувањето и хипотезите* треба да се формулирани на таков начин што ќе се овозможи во принцип нивно тестирање, проверка и утврдување. *Прашањата за истражување* треба да се јасно формулирани и треба да водат до истражувачкиот проблем, тема или проблемот на образовен интерес. Треба да се претпоставени привремени истражувачки хипотези кои можат да се тестираат. *Истражувачката хипотеза* треба да биде формулирана колку што е можно попрецизно со цел да се избегне двосмисленост. Хипотезата што не е отворена за потврдување на некој начин *не е хипотеза.* Во емпириското истражување, прашањето и имплицитните хипотези треба да стимулираат мерлив феномен и кандидатот треба да има познавање за соодветните инструменти кои дозволуваат и го поддржуваат мерењето. Важно е да се претстават откритијата на таков начин што можат да се изведат заклучоци. Во квалитативното истражување важно е автентично да се дојде до феноменот на истражувањето и да се претстави искуството кое го одразува на начин за да може да се разјасни разбирањето и да се дозволи извлекување одредени импликации. Без разлика на тоа дали употребувате квалитативно или квантитативно истражување (или идеално ги комбинирате двете) важно е да се генерираат релевантните критериуми според кои ќе се потврди или ќе се негира хипотезата.

## 8. Истражувачки методи и техники

На магистерско ниво се елаборираат истражувачки прашања од кои се бара повеќе и така треба да се примени пософистицирана методологија. Посебните *предмети* на магистерско ниво се наменети за да ги запознаат кандидатите со овие методологии. Понекогаш, покрај блиската соработка со стручен професор од соодвтената област, се препорачува и соработка со методологист за формулацијата на ова поглавје.

Прво, сите кандидати треба да го дефинираат *видот на истражувачкиот пристап за избраниот проблем.* Во случај кога темата за истражување е предоминантно *теоретска* и не се бара емпириска методологија во значителни компоненти, во ова поглавје вообичаено се вклучени елементите како што се :

- Прибирање и избор на материјали (литература, документи, слики и др.).
- Опис на прибраните материјали (фокусирање на идеи, форми, историја и др.).
- Методи што треба да се применат (историски, компаративни и др.)

Во случај кога за истражувачкиот труд е потребна *емпириска методологија,* вообичаено се вклучени елементи како на пример: опис на примерокот, инструменти за мерење, процедури за прибирање податоци, статистичка обработка итн. Се препорачува во овој дел да бидат вклучени неколку параграфи, на пример:

- Примерок: кој вид на примерок ќе се користи, главни карактеристики и параметри.
- Инструменти за мерење: кој ги развил и кога, карактеристики, евалвација.
- Процедури и услови во прибирањето податоци, апликација на иструментите.
- Статистичка обработка (зошто; која хипотеза ќе се тестира итн.).

Кандидатите кои ќе работат со прашалници и интервјуа треба (1) да да се консултираат со стручен професор од соодветната област и (2) да ја проценат остварливоста на трошоците

и да го утврдат времето што се потребни за извршување на предложената студија. Во повеќето случаи, важно е да се разгледа етичката компонента на планираното истражување (на пример лично прибирање податоцн итн.).

## 9. Етика на истражувањето

Истражувањето не се случува во „кула од слонова коска", тоа се случува во општествена и природна средина. Доколку во истражувањето не се вклучува *етичкото одражување, тоа* може да има штета. На пример, прибирањето и анализирањето лични податоци може да е многу чувствително, како за индивидуите, така и за општествените групи. Истово важи и за експерименталната работа воопшто (која вклучува луѓе или животни). Денес истражувачот треба да ја разгледа и правната одредба (во образовното истражување можеби најчесто е законодавството за заштитата на податоци) во кое се наведени одредени бариери за „слободно истражување". За овие причини, во современиот период, етиката во истражувањето како и академскиот интегритет имаат значително влијание.

Клучни *принципи за етиката за истражувањето* кои честопати се наведуваат се следниве

- *Почит за човековото достоинство* (да се биде свесен за хуманоста на секое лице, да се третираат луѓето како единки, никогаш да не се редуцираат истражувачките субјекти за цели на истражувањето, да се имаат предвид човековите права, итн.)-
- *Добротворност /незлоупотреба* (да се разгледаат намерите и резултатите: без „жртви за наука" или „за општо добро" да се прифатливи итн.).
- *Корисност* (стремеж за квалитет, секогаш треба да има најдобра употреба на ресурси; не треба да се експлоатираат учесниците во истражувањето итн.).
- *Правда* (важноста за правичност, ист пристап до придобивките, почит на приватноста на обесправените индивидуи или групи, итн.).

Истражувачот (или истражувачката група) треба да изведе истражување во однос на *академскиот интегритет,* со кој од него се бара:

- Да ги признае придонесите од другите извори за сопствените образовни напори.
- Да ја заврши истражувачката работа независно, освен ако не му е дозволено да бара помош во подготовката.
- Да ги следи инструкциите за истражувачката работа и да ја опсервира дадената академска дисциплина.
- Да се избегне ангажирање за која и да било форма на академска нечесност.

## 10. Очекувани резултати

Очекуваните реаултати треба да се презентираат во однос на претходните поглавја. Исто така препорачливо е кандидатот да го презентира својот придонес за: постојното знаење, теоријата и практика за релевантната дисциплинска област.

## IV ПОСТАПКА ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕНТОР

Подобноста на темата ја оценува Комисија за подобност составена од 3 (три) члена која што, по предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии, ја формира Наставно-научниот совет на Факултетот.

Комисијата е должна, во рок од 30 (триесет) дена од формирањето, да достави Извештај за подобност (види Анекс 2 од ова Упатство) до Наставничкиот совет за втор циклус студии којшто утврдува предлог и го проследува до Наставно-научниот совет на Факултетот.

Наставно-научниот совет на Факултетот донесува одлука за прифаќање на насловот на темата.

Насловот на прифатениот труд се објавува во Билтенот на Универзитетот.

По прифаќањето на насловот на темата за изработка на магистерскиот труд, кандидатот поднесува барање до Наставничкиот совет за втор циклус студии за определување ментор (види Анекс 3 од ова Упатство).

Предлогот на Наставничкиот совет за втор циклус студии се проследува до Наставно-научниот совет на Факултетот којшто донесува одлука за определување ментор за изработка на магистерски труд.

Одлуката по барањето за определување на ментор се донесува најдоцна во рок од 60 (шеесет) дена.
Менторот се определува од редот на наставно-научните работници од потесната област од којашто е пријавен трудот.

Менторот е член на Комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд.

## V ПОДГОТОВКА НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД

Магистерскиот, односно специјалистичкиот труд е самостоен труд во којшто кандидатот ја изработува одбраната тема со примена на научни и стручни методи, докажува дека ја совладал наставната програма и се стекнал со научни и стручни компетенции, во согласност со целите на студиската програма;.

Насловот на магистерскиот труд не треба да содржи кратенки, загради или наводници (за наславната страница на магистерскиот труд види Анекс 4 од ова Упатство).

Трудот треба да биде изработен во компјутерска техника, во фонт Times New Roman со македонска јазична поддршка, со големина на букви 12 во основен текст и проред 1,5 за основен текст и големина на буквите 10 со проред 1 за текст во фусноти;

За технички правила за подготовка на магистерскиот труд треба да користете еден од следните стилови:

- Harvard System of Referencing
- Chicago Citation Style
- Modern Language Association Style

За подетални информации информирајте се на интернет.

Структурално магистерскиот труд треба да содржи:

- воведен дел (општествена оправданост на темата, методологијата што ќе се користи, појдовни хипотези),
- поимно определување, односно основни карактеристики на проблемот или појавата што се разработува, т.е. анализира низ теоретска елаборација,
- компаративен преглед на решенија во другите држави поврзани со предметот на анализа во магистерскиот труд,
- анализа на состојбата во Република Македонија - теоретски осврт,
- емпириско истражување спроведено во институции, организации, државни органи и органи на локалната самоуправа, банки, стопански комори, берзи и други релевантни институции во Република Македонија, во зависност од областа што е предмет на интерес,
- заклучоци до коишто, дошол кандидатот во текот на подготовката на магистерскиот труд и препораки за практичната примена, поголеми ефекти, крајни резултати и сл.
- ако темата на магистерскиот труд е фокусирана на анализа на случај или конкретно истражување во реален деловен субјект/институт/институција, тогаш содржината на магистерскиот труд би требало да содржи воведни напомени, опис на фактите на случајот што ќе се анализира и причините зошто е тој избран за анализа, односно карактеристиките на институтот што наведуваат на потреба да се согледа неговата имплементација, презентација на анализата односно истражувањето, заклучоците што произлегуваат од извршената анализа, односно истражувањето и предлози за измени.

Резултатите на магистерскиот труд треба да претставуваат придонес во:

- систематизацијата на научни или стручни решенија во определена област;
- решавањето на актуелната научна/стручна задача што е поставена како цел на трудот;
- примената на постојните научни/стручни достигнувања при решавањето комплексна задача.

## V I ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНКА И ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД

Студентот се стекнува со право за поднесување барање за формирање Комисија за оценка на магистерскиот труд (види Анекс 5 од ова Упатство), по полагањето на предвидените испити и завршувањето на останатите обврски предвидени со студиската програма.

Барањето се поднесува до надлежниот референт во службата за студентски прашања, што го проследува до Комисијата за проверка на студентското досие.

Со доставувањето на барањето за формирање Комисија за оценка на магистерскиот труд студентот потпишува изјава за автентичноста на текстот на магистерскиот труд, што стои во неговото досие (види Анекс 6 од ова Упатство).
Комисијата ја сочинуваат: продеканот за настава, секретарот на Факултетот, раководителот на Наставничкиот совет на втор циклус студии и надлежниот референт за студентски прашања.

Комисијата за проверка на студентското досие врши увид во досието и изготвува записник за неговата комплетност.

Доколку студентското досие е комплетно, на студентот му се одобрува продолжување на постапката за формирање Комисија за оценка на магистерскиот труд. Во тој случај студентот доставува 3(три) примерока од магистерскиот труд со барање за формирање Комисија за оценка на магистерскиот труд до Наставно-научниот совет на Факултетот.

Наставно-научниот совет на Факултетот, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на доставувањето на трудот, формира Комисија за оценка на магистерскиот труд.

Комисијата за оценка се состои од 3 (три) члена од соодветната научна област.

Комисијата за оценка на магистерскиот труд, ако нема забелешки, во рок од 90 (деведесет) дена од денот на поднесувањето на трудот треба да подготви извештај за оценка на магистерскиот труд. Доколку, истата има забелешки, тогаш во писмена форма, најдоцна во рок од 90 (деведесет) дена ги доставува до кандидатот заради постапување по нив. Во овој случај Комисијата за оценка на магистерскиот труд е должна да достави Извештај за оценка на трудот (види Анекс 7 од ова Упатство), најдоцна во рок од 180 (сто и осумдесет) дена од нејзиното формирање.

Извештајот од Комисијата за оценка на магистерскиот труд се доставува до Наставно-научниот совет на Факултетот и му се предлага да го усвои и да формира Комисија за одбрана на магистерскиот труд, во состав од три члена од соодветната област од којшто еден е претседател.

Комисијата за одбрана го определува датумот за одбрана, што треба да биде најдоцна во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на усвојувањето на Извештајот.

Кандидатот писмено се известува за денот на одбраната и е должен, во рок од 5 (пет) дена од приемот на известувањето, да достави 6 (шест) примероци од конечната верзија на трудот укоричен во тврд повез и лекториран од овластен лектор до архивата на Факултетот.

## VII ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД

Магистерскиот труд треба да биде одбранет најдоцна во рок од 4 (четири) години од денот на одобрувањето на темата. Во оправдани случаи, на предлог на Наставничкиот совет на втор циклус студии, Наставно-научниот совет од Факултетот може да одобри продолжување на рокот за одбрана на магистерскиот труд за времетраењето додека траеле причините за спреченост за работа врз трудот, но најмногу за време од една година. Како оправдани случаи се сметаат:
подолготрајна болест;

- бременост и породување;
- отсуство од земјата, кога кандидатот е упатен привремено да извршува работи во странство, научно усовршување во странство, учество во научни и спортски експедиции и сл.; и
- други оправдани причини;

Одбраната на магистерскиот труд е јавна и се објавува на огласна табла на Факултетот, најмалку 7 (седум) дена пред денот на одбраната.

Одбраната на трудот се реализира во просториите на Факултетот.

Одбраната ја отвора претседателот на Комисијата со воведен збор, по што му дава збор на еден од членовите на Комисијата кој ги чита биографските податоци, научно-стручната активност на кандидатот, Извештајот од Комисијата за оценка на трудот и Извештајот за текот на спроведената постапка. Потоа претседателот на Комисијата го повикува кандидатот да го презентира трудот , по што членовите на Комисијата ги изнесуваат своите мислења за значењето на трудот и му поставуваат прашања на кандидатот. Покрај членовите на Комисијата, прашања во врска со трудот можат да постават и други лица, присутни на одбраната, доставени во писмена форма до претседателот на Комисијата. Потоа се дава пауза, а за тоа време кандидатот се подготвува за одговор на поставените прашања;.

За текот на одбраната се води записник. Записникот го води еден од членовите на Комисијата за одбрана, а го потпишуваат членовите на Комисијата за одбрана.

Оценувањето се врши со описни оценки: „го одбранил“ или „не го одбранил“ магистерскиот труд.

## VIII ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ ЗА ПЛАГИЈАТОРСТВО

Пренесувањето туѓ текст, туѓ магистерски труд, односно пренесувањето авторско дело во каква било форма во сопствено име- плагијаторство, како и други форми на неовластеното користење туѓо авторско дело претставуваат тешка дисциплинска повреда.

Во зависност од тежината на повредата, како и во зависност од постоењето на други олеснителни или отежнувачки околности, за утврдена дисциплинска повреда од претходниот став на кандидатот може да му биде изречена дисциплинска мерка: опомена, јавна опомена и забрана за изработка и одбрана на магистерскиот труд што е плагијат.

**Анекс 1 - Образец за пријавување на магистерски труд**

Архивски број:

До
Наставничкиот совет на
ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ на
Факултет за туризам и угостителство-Охрид
Преку
Служба за студентски прашања

**Пријава за изработка на магистерски труд од**

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Студиска програма на втор циклус студии | |
| Број досие | |
| Е-адреса | |
| Телефон | |
| Мобилен | |

Врз основа на член 56 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св Климент Охридски“ - Битола, поднесувам барање за изработка на магистерски труд на тема:

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Во прилог на барањето доставувам:

1. Биографски податоци – Европско CV со слика
2. Образложение за научна и стручна оправданост на темата
   - Назив на трудот
   - Апстракт
   - Клучни зборови
   - Вовед
   - Теоретска содржина
   - Формулирање на проблемот и цели на истражувањето
   - Прашања за истражувањето и хипотези
   - Истражувачки методи и техники
   - Етика на истражувањето
   - Очекувани резултати
3. План за работа (предлог содржина т.е. тези)
4. Преглед на литература од соодветната област
5. ЦД со комплетна пријава во електронска форма

Охрид, Подносител,

____________________ ____________________________

**Анекс 2 - Извештај за подобност на темата магистерскиот труд (стр.1)**

Архивски број:

До
Наставничкиот совет на
ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ на
Факултет за туризам и угостителство-Охрид
Преку
Служба за студентски прашања

**Предмет: Извештај за подобност на тема за магистерски труд**

| | |
|---|---|
| Наслов на пријавена тема | |
| Кандидат<br>Име и презиме | |
| Студиска програма на втор циклус студии | |
| Број досие | |

Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид на својата седница одржана на _________ год., со одлука бр. __________ од __________ год. , формира Комисија за подобност на тема за магистерски труд за горе наведениот наслов и кандидат во следниов состав:

1. ________________________________________
2. ________________________________________
3. ________________________________________

Од доставениот материјал, Комисијата констатира дека, согласно член 56 од Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, кандидатот, со пријавата за изработка на магистерски труд, поднесе:

1. Биогравски податоци – Европско CB
2. Образложение за научна и стручна оправданост на темата
3. План за работа
4. Предглед на литература од соодветна област
5. ЦД со комплетна пријава во електронаска форма

По деталното прегледување на пријавата и прилозите, а во согласност со законската легислатива, како и легислативата на Универзитетот и Факултетот што ја регулира оваа материја, како и согласно член 56 од Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот “ Св. Климент Охридски“ – Битола комисијата до Наставничкиот совет на втор циклус студии, го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

1. Биографски податоци;
2. Подобност на темата и тезите (се наведува предложената концепциска рамка, односно предложената тема и тези и се врши прифаќање или корекција на истите, при што, доколку се врши корекција, се наведуваат и корегираните теми и тези. Во овој дел Комисијата елаборира, накратко, што ќе се обработува во секој поединечен дел и ги истакнува основните цели на магистерскиот труд);
3. Заклучок и предлог (се истакнува значењето и научниот придонес на магистерскиот труд);

Согласно претходно изнесеното мислење и констатација, Комисијата му предлага на Наставничкиот совет на втор циклус студии на Економскиот факултет – Прилеп, да ја донесе следнава

## О Д Л У К А

Се прифаќа како подобна темата за изработка на магистерки труд под наслов

“______________________________________________________________“

од кандидатот ______________________________________________________.

Да се достави предлог до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид за прифаќање на темата за изработка на магистерскиот труд под

наслов: “________________________________________________________“.

Охрид,

______________ год.

**КОМИСИЈА ЗА ПОДОБНОСТ:**

1. _________________________

2. _________________________

3. _________________________

**Анекс 3 - Барање за определување ментор за изработтка на магистерски труд**

Архивски број:

До
Наставничкиот совет на
ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ на
Факултет за туризам и угостителство-
Охрид
Преку
Служба за студентски прашања

**Предмет: Барање за определување ментор за изработка на магистерски труд**

Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид на својата седница одржана на ден ___________ год., со одлука бр. _____________ ,формира Комисија за подобност на кандидатот, а со одлука бр. _________ од __________ год., донесена на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, дадена ми е подобност темата за изработка на магистеркси труд и прифатен е насловот:

„_____________________________________________________________________” .

Имајќи го предвид изнесеното, а согласно член 59 од Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на универзитетот " Св. Климент Охридски" – Битола, поднесувам барање за донесување Одлука за определување ментор за изработка на магистерскиот труд.

Имајќи ја предвид досегашната соработка и консултации при формулирањето на темата и тезите за изработката на магистерски труд, го молам Наставничкиот совет на вториот циклус студии, како предлог ментор при изработка на магистерскиот труд, да

го определи д-р__________________________________________, доцент/професор на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид.

Охрид,

______________ год.

Подносител,

______________________________
студент на втор циклус студии
на студиската програма
_____________________

со досие бр. __________

**Анекс 4 - Насловна страница на магистерски труд**

**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ - БИТОЛА**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО - ОХРИД**

# НАСЛОВ НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

**Кандидат:** **Ментор:**

**Име, презиме** **Име и презиме**
**Број досие**

**Охрид**
**месец, година**

**Анекс 5 - Барање за формирање Комисија за оценка на магистерски труд**

Архивски број:

До
Наставничкиот совет на
Факултет за туризам и угостителство-
Охрид
Преку
Служба за студентски прашања

**Предмет: Барање за формирање Комисија за оценка на магистерски труд**

Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид на својата седница одржана на ден _______________год., донесе одлука бр.__________ со која што ми е дадена подобност на темата и е прифатен насловот:
“________________________________________________________________________”,
Подобноста ми е дадена од Комисијата во состав:

1. ________________________________________
2. ________________________________________
3. ________________________________________

Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид на својата седница одржана на ден ____________ год., донесе одлука бр.__________ со која што за ментор за изработка на магистерскиот труд, под наслов ми е определен д-р ________________________________, доцент/професор на Факултетот за туризам и угоститлество – Охрид.

Бидејќи истражувањето го завршив, односно трудот го изработив го поднесувам ова барање за формирање Комисија за оценка на магистерскиот труд согласно член 64 од Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот “ Св. Климент Охридски“ – Битола, заради донесување одлука за определување Комисија за оценка на магистерскиот труд.

Прилог: - 3 примерока од трудот

Охрид,

______________ год.

Подносител,

______________________________
студент на втор циклус студии
на студиската програма
______________________

со досие бр. __________

**Анекс 6 - Изјава од кандидатот за автентичност на магистерскиот труд**

Архивски број:

До
Референтот на
Служба за студентски прашања
при Факултет за туризам и
угостителство-Охрид

**Предмет: Изјава**

Согласно одлуката на Наставничкиот совет на втор циклус студии на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид бр ......... од 22.06.2011 год. ја доставувам следнава

**И З Ј А В А**

Под целосна морална и материјална одговорност изјавувам дека текстот во мојот магистерски труд, на тема ________________________________________________ , е мој автентичен и самостоен труд и е резултат на моите сознанија направени во текот на истражувањето, како и на теоретските сознанија и практичните искуства од соодветната област и истиот, освен во деловите што се означени со фусноти, претставува исклучиво мој труд.

За секое неовластено користење на туѓ текст или труд или плагијаторство, согласен/на сум да ги сносам соодветните дисциплински, граѓански и кривични последици.

Охрид,

______________ год.

Подносител,

______________________________
студент на втор циклус студии
на студиската програма
______________________

со досие бр. __________

**Анекс 7 - Извештај од Комисија за оценка на магистерскиот труд**

Архивски број:

До
Наставно-научен совет на
Факултет за туризам и угостителство-Охрид
Преку Служба за студентски прашања

Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, на седницата одржана на ден ___________ година, со одлука бр. _____________ , формира Комисија за оценка на магистерскиот труд од кандидатот ______________________________, под наслов_________________________________________________________, во состав:

1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________

Комисијата, во наведениот состав, го прегледа и го оцени подготвениот магистерски труд и согласно член 65 од Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид му го поднесува следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Кратка биографија за кандидатот**

- *датум и место на раѓање,*
- *податоци за процесот на образованието и постигнатиот просечен успех,*
- *податоци за практично или работно искуство,*
- *познавање странски јазик(ци),*
- *податоци за објавени трудови.*

**2. Образложение на магистерскиот труд**

Магистерскиот труд, под наслов „_____________________________________________"
од кандидатот ________________________________,содржи ________ страници компјутерски изработен текст, систематизиран во ________________ оддели/глави/, со вкупно цитирани _______ библиографски единици.
*(краток приказ на одделните делови од магистерскиот труд – не подолго од три страници)*

**3. Заклучок и оценка на трудот**

- *оценка на магистерскиот труд што треба да биде резултат на самостојна работа на кандидатот со кој се систематизираат постојните научни знаења и се придонесува за нивен натамошен развој;*
- *оценка на придонесот на магистерскиот труд.*

Имајќи го предвид изнесеното, со задоволство на Наставно – научниот совет на Факултетот му предлагаме да го прифати овој Извештај и да формира Комисија за одбрана на магистерскиот труд, под наслов „_______________________________________________________„ од кандидатот **_________________________________,** студент на втор циклус студии на студиската програма ___________________, со досие бр._____**.**

Комисијата за одбрана го определува датумот за одбрана што треба да биде најдоцна во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на усвојувањето на Извештајот.

Охрид,

_____________ год.

**КОМИСИЈА ЗА ПОДОБНОСТ:**

1. _________________________

2. _________________________

3. _________________________